МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД
Бр. 01-1590/1
30.03 20 15 год.
Прилеп

MERMEREN
Kombinat

МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП

## СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ ВО 2014

26/03/2015



[1] 01-1590/1 [2015]

## Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија е процес спроведуван од внатрешни ревизори со цел да се испитаат и проверат финансиските извештаи, да се контролира усогласеноста на работењето на компанијата со важечката законска регулатива , да се провери соодветната примена на дефинираните процедури , упатства и правила во работењето, да обезбеди ефикасно и економично работење, како и оценување на остварувањето на планираните деловни задачи и резултати.

Крајната цел на внатрешната ревизија е додавање на нови вредности во компанијата и подобрување на организацијата на нејзиното работење.

Основните принципи од кои се раководи внатрешниот ревизор при извршување на своите обврски се објективност, независност, интегритет, доверливост и компетентност.

## 1. Извештаи од извршена внатрешна ревизија во 2014 година

Службата за внатрешна ревизија во 2014 како дел од своите редовни активности спроведе ревизии на одредени активности и процеси. Соодветните извешатаи беа навремено доставени до менаџментот кој после разгледувањето во целост ги прифати.

Препораките за спроведување на корективни и превентивни мерки за отстранување на неусогласеностите беа прифатени и одобрени .

За секоја од прифатените корективни и превентивни мерки , службата за внатрешна ревизија спроведе контролни проверки за нивно целосно и навремено имплементитање. При контролните проверки утврдено е дека сите корективни и превентивни мерки се имплементирани со минимални временски отстапувања од договорените термини.

| | ИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ |
|---|---|
| 1 | Истражни бушотини во Рудник Сивец |
| 2 | Неовластено вадење и крадење на гориво од возила и работни машини во Мермерен Комбинат |

## 2. Извештаи за останати активности во 2014 година

Службата за внатрешна ревизија, покрај редовните активности, во 2014 спроведуваше и други активности со цел да се обезбеди подобрување на целокупното работење на компанијата.

### 2.1 Изработени и имплементирани процедури и упатства

Дел од активностите на службата за внатрешна ревизија во 2014 година, беше изработката и имплементирањето на оперативни и контролни процедури и упатства . Тоа се прави за процеси и активности за кои не постојат дефинирани и одобрени процедури и упатства за работа и контрола. Посебен акцент се става на процеси и активности кои се од битно значење за функционирањети и остварените резултати на компанијата.

За секоја имплементирана процедура и упатство , се спроведуваа контролни проверки за да се утврди ефикасноста на нивната примена во редовното работење со предлагање на соодветни мерки за нивно подобрување.

| | ИМЕ НА ПРОЦЕДУРАТА и УПАТСТВО |
|---|---|
| 1 | Упатство за набавка и издавање на ситен инвентар, канцелариски материјал и ситен помошен материјал |
| 2 | Упатство за издавање и контрола на потрошувачката на дизел гориво |
| 3 | Упатство за прием и контрола на дизел гориво |
| 4 | Упатство и табела за следење и анализа на квалитетот на блоковите и томболоните во Рудник Сивец, во процесот на нивна проценка при приемот од рудник |

MERMEREN
Kombinat

## 2.2 Изработка на матрица на документи

Службата за внатрешна ревизија изработи обемна матрица на документи во која се внесени сите актуелни формулари и документи кои се користат во работењето, со одредување на врските и активностите на вработените, дефинирани како работни позиции.

## 2.3 Имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO 9001-2008

Службата за внатрешна ревизија е носител на сите активности за имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO 9001-2008, од планирање, спроведување и контрола на реализираното.

Активностите за имплементација на стандардот за управување со квалитет ISO 9001-2008 , во соработка со секторот за квалитет и претставникот на консултантската фирма, континуирано се одвиваа во текот на првата половина од 2014 годината . При тоа , беа изработени и имплементирани сите процедури, упатства и формулари кои се дел од барањата на стандардот.Како најзначајни активности кои беа реализирани може да се споменат:

- Изработка на Прирачник за квалитет и дефинирање на Политика за квалитет.
- Организирање и спроведување на обуки за сите вработени за запознавање со системот за управување со квалитет базиран на стандардот ISO 9001-2008.
- Организирање и спроведување на интерен аудит на системот за управување со квалитет базиран на стандардот ISO 9001-2008 со изработка на потребните извештаи.
- Во соработка со Quality Austria организирање и успешно спроведување на Фаза 1 и Фаза 2 од екстерниот, сертификационен аудит на системот

за управување со квалитет базиран на стандардот ISO 9001-2008 со изработка на потребните извештаи

Навременото и квалитетно спроведување на активности резултираше со обезбедување на сертификат од Quality Austria за успешно имплементиран систем за управување со квалитетот базиран на стандардот ISO 9001-2008.

### 2.3 Консултантски активности

По одредени стручни прашања , при оформувањето на оперативни и контролни процедури , нивно соодветно документирање и имплементирање , службата за внатрешна ревизија континуирано во текот на 2014 година беше ангажирана како консултант кој дава професионални мислења и совети до раководството на компанијата.

Раководител на служба за
внатрешна контрола и ревизија
Владимир Гешоски

МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп